# ЗАПИСНИК

од 59-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 17.12.2024 г.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Оливера Димитровска - раководител, Анета Киселоска - раководител, Николина Лозановска - советник.

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записник од 57-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Записник од 58-та седница на Совет на Општина Новаци;
3. Разгледување и усвојување на Нацрт - Буџет на Општина Новаци за 2025 година;
4. Разгледување и донесување на Предлог - Програма за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2025 година;
5. Разгледување и донесување на Измена на Програмата за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2024 година;
6. Разгледување и донесување на Предлог - Одлука за формирање на заедничка Комисија за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод;
7. Разгледување и донесување на Предлог - Решение за именување членови во заедничка Комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка;
8. Разгледување на Барање за разрешување и именување на членови на Управен одбор од ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци;
9. Разгледување и донесување на Предлог-Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2025 година;
10. Разгледување и донесување на Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2025 година;
11. Разгледување и донесување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола;
12. Разгледување и донесување на Предлог-Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025 година;
13. Разгледување и донесување на Предлог-Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2025 год.;
14. Разгледување и донесување на Предлог-Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Новаци за 2025 год.;

15. Разгледување и донесување на Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2025 год.;
16. Разгледување и донесување на Предлог-Програма за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2025 година;
17. Разгледување и донесување на Предлог-План за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2025 година;
18. Разгледување и донесување на Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2025 год.;
19. Разгледување и донесување на Предлог-Програма за одржување на локални водоводи на територија на Општина Новаци за 2025 година;
20. Советнички прашања.

**Дополнување:** Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, по што Претседателката Најдовска Стојковска го стави на гласање, така што со **9 гласа за** беше прифатен Дневниот ред на 59-та седница на Советот на Општина Новаци.

1 точка Разгледување и усвојување на Записник од 57-та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето, Записникот од 57-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2. точка Разгледување и усвојување на Записник од 58-та седница на Совет на Општина Новаци;

Советниците го разгледаа Записникот од 58-та седница , при тоа немаа никакви забелешки по што **едногласно** го усвоија.

3 точка Разгледување и усвојување на Нацрт - Буџет на Општина Новаци за 2025 година;

По однос на третта точка, збор зеде Оливера Димитровска, раководител на финансии која детално го образложи Нацрт - Буџет на Општина Новаци за 2025 година. Имено таа изјави дека Буџетот на Општина Новаци за 2025 год. изнесува 219.912.261,00 ден. Нејзиното детално излагање го заврши со изјавата, дека сепак се работи за Нацрт - Буџет што значи дека буџетот може да претрпи измени и дополнувања доколку советниците имаат некакви забелешки или предлози. По ова за збор се јави советникот Александар Канзуровски кој предлага измена и дополнување на буџетот, со тоа што предлага во делот на капитални инвестиции да се вметни реконструкција и доопремување на постоечката урбана опрема и изградба на базен на рекреативно-излетничкото место „Коњарка“ кое е доста посетено од домашни, но и странски посетители. Збор зеде и Градоначалникот Стевановски, кој изјави дека до него пристигна барање од жителите на селото Горно Агларци, кои бараат изградба на објект во сопственост на Општина Новаци, наменет за користење на жителите од ова село. Така што подготовката на основен проект како и изградба на објектот ќе бидат вклучени во делот на капиталните инвестиции во буџетот за 2025 год.

По дискусијата меѓу советниците, се премина на гласање, така што Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Одлука за усвојување на Нацрт - Буџетот на Општина Новаци за 2025 година.

4 точка Разгледување и донесување на Предлог - Програма за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2025 година

Советниците ја разгледаа Програмата чија главна цел се активности во областа на социјална, детска и здравствена заштита во општина, со кои ќе се предложат форми на социјална, детска и здравствена грижа и да ги одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања за добробит на своите граѓани.

По разгледувањето и кратката дискусија советниците гласаа, така што со **9 гласа за** донесоа Програма за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2025 година.

5 точка Разгледување и донесување на Измена на Програмата за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2024 година

Советниците ја разгледаа Измената на Програмата која беше неопходна, затоа што условите на терен го налагаа тоа. По дискусијата гласаа, така што со **6 гласа за и 3 гласа воздржан** донесоа Програма за измена на Програмата за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјаните канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2024 год.

6 точка Разгледување и донесување на Предлог - Одлука за формирање на заедничка Комисија за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод

Советниците беа информирани за следниот чекор во формирањето на Регионалниот центар за отпад, а тоа е формирање на заедничка Комисија за основање на заедничко јавно претпријатие, за регионално управување со отпад меѓу општините, во која секоја општина ќе именува по 2 члена (член и заменик). Комисијата има за задача да изготви предлог-акт за воспоставување на МОС како и предлог акти за основање на заедничко јавно претпријатие.

Советниците по кратката дискусија, преминаа на гласање така што со **6 гласа за, 2 воздржани и 1 против** донесоа Одлука за формирање на заедничка Комисија за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод

7 точка Разгледување и донесување на Предлог - Решение за именување членови во заедничка Комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка

Советниците прифатија, за членови во Заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлог– договорот за остварување на меѓуопштинска соработка Новаци се именуваат:

- член: Анета Киселоска, Раководител на Одделение за правни, општи и јавни дејности
- заменик член: Николина Лозановска, советник за социјална, здравствена и детска заштита

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за, 2 воздржани и 1 против** донесе Решение за именување членови во заедничката комисија за подготовка на предлог - актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка.

*Советникот Љупчо Петровски од оправдани лични причини ја напушти 59-та седница на Советот на Општина Новаци.

8 точка Разгледување на Барање за разрешување и именување на членови на Управен одбор од ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци;

Претседателот на Комисијата за мандатни прашања избори и именување, Горан Велјановски, пред Советот објасни, зошто е потребно разрешување и именување на нови членови на Управен одбор на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци. Како прелог од Комисијата, за нови членови на УО се : Тони Божиновски и Петар Деспотовски.

Советниците преминаа на гласење, така што со **6 гласа за и 2 гласа воздржан** Советот донесе Одлука за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци.

9 точка Разгледување и донесување на Предлог-Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2025 година;

Советот ја разгледа Програмата, чија цел е одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината. За реализација на предвидените активности во Програмата за 2025 год., потребни се финансиски средства во износ од 5.997254,00.

По дискусијата Советот на Општина Новаци со **6 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2025 година.

10 точка: Разгледување и донесување на Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2025 година

Советот на Општина Новаци во својата Програма ги наведе планираните активности кои ќе ги изврши во 2025 год. согласно законската регулатива во оддреден период, во текот на календарската година, како и донесување на акти согласно неговата надлежност за кои нема конкретна временска рамка, а ќе се донесуваат во текот на 2025 година.

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2024 година.

11 точка Разгледување и донесување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола

Советниците добија информација дека секоја година се продолжува воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола започната од 2018 год., а се однесува на заедничко вршење на работи од противпожарна заштита, што ја врши ТППЕ Битола со покривање на подрачјето на Општина Новаци, како и задолжително учество во финансирањето од страна на Општина Новаци за вработување на 3 лица во согласност со Законот за пожарникарство.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола.

12 точка Разгледување и донесување на Предлог-Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025 година

Советот ја разгледа Програмата со која се утврдуваат развојните приоритети на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во текот на 2025 година. Во текот на 2025 година активно ќе се работи на изработување на документација за нови проекти, но и апликација на постоечките кон отворените повици како од Владата и надлежните министерства и институции, така и кон меѓународните отворени фондови и програми наменети за развој на општините.

По дискусијата Советот на Општина Новаци премина на гласање така што со **8 гласа за** донесе Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025г.

13 точка Разгледување и донесување на Предлог-Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2025 год.;

Советот на Општина Новаци ја разгледа Програмата која овозможува меѓу другото, задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата. Во 2025 год. се планирани сл. манифестации: Фестивал на Жетвата Новаци 2025, Концерти на класична музика, Фолк-концерти со познати естрадни уметници, Концерти со етно групи, Концерти на фолклорни друштва од странство и домашни, Професионални Театарски претстави, Изложби на ликовни уметници од Македонија и странство како и на млади автори, Стенд ап комедија, Креативни работилници и сл.

Советниците со **8 гласа за** донесоа Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2025 година.

14 точка Разгледување и донесување на Предлог-Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Новаци за 2025 год.;

Советниците ја разгледаа и се информираа, за реализацијата на Програмата во 2025 год. Општина Новаци од сопствениот буџет треба да издвои 7.000,000,00 ден. По дискусијата, советниците преминаа на гласање со што со **5 гласа за, 2 гласа воздржани и 1 глас против** Советот на Општина Новаци донесе Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Новаци за 2025 година.

15 точка Разгледување и донесување на Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2025 год.;

Советот ја разгледа Програмата со која се уредуваат обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации и сл. и за која во 2025 год. се предвидуваат 5. 715 000,00 ден. од Буџетот на Општина Новаци.

По разгледувањето и дискусијата Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2025 година.

16 точка Разгледување и донесување на Предлог-Програма за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2025 година;

Советот на Општина Новаци ја разгледа Програмата која го третира решавањето на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, кој според законските прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни. Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци по разгледувањето со **8 гласа за** донесе Програма за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2025 година.

17 точка Разгледување и донесување на Предлог-План за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2025 година;

Советот на Општина Новаци го разгледа Планот во кој се утврдува стратегијата, активностите за третирање на бездомните кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето за планиран период од една година, односно за 2025 година.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе План за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2025 година.

18 точка Разгледување и донесување на Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2025 год.;

Советот на Општина Новаци ја разгледа Програмата според која единиците на Локалната самоуправа се должни да преземаат активности за заштита на населението од заразни болести и да превземат мерки за заштита од заразни болести со што би се спречила појава на сериозни заразни заболувања кои се пренесуваат преку вектори.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2024 година.

19 точка Разгледување и донесување на Предлог-Програма за одржување на локални водоводи на територија на Општина Новаци за 2025 година;

Советничите беа информирани за главната цел на оваа програма која треба да обезбеди стабилен, сигурен и квалитетен водоснабдителен систем за жителите на Општина Новаци. Планираниот буџет за реализација на програмата изнесува 1.200.000 денари, кои ќе бидат целосно наменети за редовно одржување и сервисирање на водоводните системи, како и за неопходни реконструкции на инфраструктурата.

По разгледувањето, Советот гласаше и се изјасни со **8 гласа за** со што го донесе Програма за одржување на локални водоводи на територија на Општина Новаци за 2025 год.

**Дополнување:** Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

Председателката на Комисијата за доделување на еднократна парична помош ги информира советниците дека нема дополнителни точки како предлог за разгледување до Советот на Општина Новаци.

20 точка Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 59-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Претседател на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска